# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО

## Член 1

Во Законот за евиденциите во областа на здравството („Службен весник на Република Македонија" број 20/2009, 53/11 и 164/13), во членот 48 став (1) во воведната реченица зборовите: „1.500 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од став 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Во ставот (3) зборовите : „500 до 600" се заменуваат со зборовите: „200 до 300".

## Член 2

Во членот 48-а став (1) во воведната реченица зборовите: „2.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од став (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Во ставот (3) зборовите: „600 до 700" се заменуваат со зборовите: „250 до 370".

## Член 3

Во членот 48-б став (1) во воведната реченица зборовите: „2.500 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од став 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице и ќе му престане должноста директор на установата за прекршокот од ставот (1) на овој член."

Во ставот (3) зборовите: „700 до 800" се заменуваат со зборовите: „300 до 450".

## Член 4

По членот 49 се додаваат два нови члена 49-а и 49-б, кои гласат:

„Член 49-а

(1) За прекршоците утврдени во членовите 48, 48-а, 48-б и 49 од овој закон, надлежниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

(2) Надлежниот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и за исходот на постапката.

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за здравство.

Член 49-б

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

## Член 5

Во член 50 ставот 2 се брише.

## Член 6

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".